ADING

# ХИДРОМАЛ

*Готова смеса за изведба на крута хидроизолација на цементна основа. Хидромалот е приготвен од специјално селектиран цемент, висококвалитетни полнила, прашкасти адитиви*

## Област на примена:

За хидроизолација на објекти изложени на позитивен и негативен хидростатски притисок, како базени, таложници, пречистителни станици, подрумски а.б. ѕидни и подни површини, резервоари за питка вода, бетонски цевки, шахти, санитарни јазли и слично.

## Својства:

- еднокомпонентна сива прашкаста смеса;
- отпорен на позитивен и негативен хидростатски притисок;
- економичен;
- нетоксичен;
- овозможува непосредна завршна обработка на ѕидни површини;
- овозможува непосредно лепење на керамички
- плочки со градежно лепило;
- бактериолошки отпорен;
- едноставен за изведба;
- одлична адхезија за подлога;
- возможност за нанесување на влажна подлога;
- не содржи хлориди;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Отпорност на позитивен воден притисок: (DIN 1048) | 8 атм. |
| Отпорност на негативен воден притисок: (DIN 1048) | 2 атм. |
| Отворено време за работа при 20° C: | 1 час |
| Време на зацврснување при 20° C: | 4,5-5 часа |
| Нанесување на следен нанос при 20° C: | 6-24 часа |
| Јакост на притисок: | |
| 3 дена: | > 15 МПа |
| 28 дена: | > 35 МПа |

## Подготовка на подлогата:

Хидромалот се нанесува врз бетонска и цементна подлога (завршно фино пердашена) која треба да има јакост од МБ 30 и да е одлежана најмалку 28 дена од денот на бетонирање. Подлогата треба да е чиста, обезмастена и обеспрашена без сегрегирани места и пукнатини. Доколку подлогата има сегрегирани места или пукнатини, истите треба да се санираат со Репаратур малтер или епоксиден кит Адингпокс-К. Чистење на подлогата со вода под притисок е најсоодветен метод. Подлогата се натопува со вода до заситување. Доколку на подлогата што се изолира има проточна вода, истата треба да се “стопира” со Убрзувач-Ч или друг соодветен материјал.

## Вградување:

Материјалот се приготвува со додавање на чиста вода во однос Хидромал : вода = 3,7:1,0 (за нанесување со четка) или Хидромал : вода = 5,0:1,0 (за нанесување со глетарка). Материјалот се меша со електричен бавен мешач (300 до 500 вртежи/мин.), до потполна хомогенизација и се остава да одлежи 10-15 минути, а потоа повторно се промешува.
Нанесувањето на материјалот е со четки (120мм-200мм широка) за првите два слоја, а третиот слој се нанесува со челична глетарка. Секој нареден слој се нанесува врз претходно исушен слој. Временскиот период помеѓу нанесувањето на слоевите треба да изнесува 6-24 часа во зависност од температурата. Вкупната дебелина на трите слоеви изнесува приближно 2,5-3,5 мм. Третираните површини треба да се негуваат со квасење 3-4 пати дневно во период од 48 часа. При високи температури квасењето треба да се врши почесто за површините да се одржуваат влажни или во случај кога се изложени на директно сонце, да се покријат со јутано платно и постојано да се натопува со вода.
Температурата при нанесување на хидроизолацијата треба да е +10°C ÷ + 30°C. При нанесување на Хидромал, третираните површини треба да бидат заштитени од врнежи, силен провев и мрзнење во период од минимум 48 часа.
*Напомена: Во случај кога Хидромалот треба да се нанесе на многу глатки површини, првиот слој на Хидромал се приготвува со додавање на Врска-У во однос, вода : Врска-У =4 :1, за да се обезбеди добра адхезија на хидроизолацијата за подлогата.*

## Потрошувачка:

5-6 кг/м²

## Пакување:

во натрон вреќи од 5 и 30 кг.

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа. Во суви простории, на температура од минимум 5°C, заштитен од директно изложување на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар:
Хидромал е незапалив.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Хидромал се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*